ИСКЛУЧОЦИ ОД ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ

1. Прашање:

Согласно добиени насоки од Бирото, секој Договорен орган при ангажирање на осигурителен брокер треба да спроведе постапка за јавна набавка. Сметаме дека ова се коси со Законот за супер визија на осигурување каде според член 142 која ја уредува провизијата, експлицитно е наведено дека осигурителниот брокер нема право да наплаќа провизија или друг вид надоместок од осигуреникот во конкретниот случај тоа е договорниот орган. Поради сето горе наведено ние како договорен орган сме во дилема како да ја спроведеме постапката. Бидејќи ако го почитуваме законот за јавните набавки го кршиме другиот закон за Суервизија на осигурување. Бараме понатамошни инструкции?

Одговор:

Со член 1 од Законот за јавните набавки, се утврдува предметот на уредување на истиот. Па така, со законот се уредуваат постапките и посебните начини за доделување на договорите за јавни набавки, надлежностите на Бирото за јавни набавки и на Државната комисија за жалби по јавни набавки, како и постапката на правна заштита.

Општите исклучоци од примена на законот, односно јавните набавки за кои не постои обврска за примена на законот, се уредени со членот 23.

Оттука, услугите за застапништво и посредување во однос на осигурување не претставуваат исклучок од примена на законот.

Имено, осигурително брокерски работи согласно член 135 став (1) од Законот за супервизија на осигурување, се: посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие и при реализирање на отштетни побарувања по остварен осигуран штетен настан.

Со член 142 став (1) и (2) од Законот за супервизија на осигурување, е предвидено дека Осигурителниот брокер нема право да наплаќа провизија или друг вид надомест од осигуреникот, **освен доколку поинаку не е предвидено со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот**, а доколку со договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот **е предвидено дека осигурителниот брокер има право на провизија, истиот се стекнува со правото на таа провизија со денот на влегувањето во сила на договорот за осигурување за кој е извршено посредувањето**.

Од наведениве одредби произлегува дека, Законот за супервизија на осигурување му дозволува на осигурителниот брокер во договорот за вршење на осигурително брокерски работи склучен со осигуреникот, да предвиди одредба согласно која има право на провизија.

Оттука, Бирото останува на мислењето дека договорните органи треба да спроведуваат постапки за јавна набавка на услуги за застапништво и посредување во однос на осигурување.

ОПШТИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

2. Прашање:

Дали понудувачот кој учествувал во изработка на проектно-техничка документација во улога на лиценциран Проектант, може да учествува на постапка за јавна набавка за избор на Надзор на изградба на проектот што го работел, доколку поседува лиценца за Надзор за прва или втора категорија на објекти во зависност од категоријата на објектот?

Одговор:

Лицата кои учествуваат во изработка на тендерската документација согласно член 36 став (1) од законот, не смеат да бидат понудувачи или членови во група понудувачи во постапката за јавна набавка.

Со цел да се избегне фаворизирање на одредени економски оператори како и давање информации со цел стекнување на незаконска предност над другите економски оператори, со наведениов членот се забранува лицата кои учествувале во изработка на тендерската документација да се јават како понудувачи или членови во група на понудувачи во постапката за доделување на договорот.

При спроведување на постапките за јавни набавки, договорниот орган покрај одредбите од Законот за јавните набавки, соодветно ги применува и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка.

Сепак, согласно член 45 став (1) алинеја 3 од законот, Бирото дава мислења во врска со одредбите и примената на Законот за јавните набавки, а не и за примената на одредбите од материјалните прописи.

Оттука, прашањето „Дали понудувачот кој учествувал во изработка на проектно-техничка документација може да учествува во постапка за избор на Надзор на изградба на проектот што го работела, треба да го поставите на надлежното министерство кое ја следи примената на Законот за градење.

ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

3. Прашање:

Дали договорниот орган може да спроведе постапка за јавна набавка (постапка за набавка од мала вредност, поедноставена отворена постапка или отворена постапка) без спроведување на рамковна спогодба како посебен начин на спроведување на постапката, при што наместо определување на количината од предметот на набавка ќе наведе количина (1). Воедно, со оглед на големиот број на ставки понудената цена ќе биде над средствата обезбедени со одлуката за јавна набавка, а договорот ќе се склучи во висина на средствата предвидени во одлуката за јавна набавка. При што, при реализација на договорот ќе се внимава порачките да се вршат во зависност од потребите на договорниот орган и средствата кои се на располагање?

Одговор:

Договорниот орган, согласно член 81 став (1) од законот, е должен да ја изготви тендерска документација и во истата да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка.

Во однос на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка, едната можност е договорниот орган да ја наведе планираната количина, но и можноста од истата да има отстапување позитивно/негативно во одреден процент, додека другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил, но и минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Ова значи во првиот случај, дека предвидените количини, договорниот орган нема обврска целосно да ги искористи доколку за тоа нема потреба, со што во пракса дел од предвидените количини можат да останат

нереализирани, додека при определување на максималните или минимални количини, договорниот орган има обврска да ги набави во целост.

Ваквата обврска за договорниот орган произлегува од фактот што, во зависност од предметот на набавка, доколку не се утврдени количините кои договорниот орган ќе ги набави, можат да предизвикаат проблеми во работењето на економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач. Од друга страна пак ја намалува довербата на економските оператори во договорниот орган и може да ги одврати од намерата за учество во постапки за јавни набавки.

При доделување на договор за јавна набавка, непредвидувањето на количината, односно наведување на количина 1, претставува ризик од добивање на неспоредливи понуди. Имено, при определување на цената на понудата од особено значење е однапред да се знае количината, поголема количина резултира со добивање на пониска цена и обратно.

Сепак, во случај кога постои неизвесност околу потребните количини или временскиот период во кој ќе бидат потребни, се препорачува склучување на рамковна спогодба. Рамковната спогодба е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори со која се утврдуваат основните услови што ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини.

Во одредени случаи кај рамковната спогодба како на пр., кога предмет на набавка се услуги за одржување, потребната количина може да се означи со 1. Во овој случај, договорните органи во тендерската документација /техничката спецификација бараат во единечната цена посебно да биде изразена работната рака за позицијата (монтажа и/или демонтажа и сл.) и цената на материјалот (сијалица, вентил, цевки и сл., во зависност од предметот на набавката).

Воедно, и кај договори за јавна набавка на услуги/рамковна спогодба, може да постои одредба дека услугата ќе се врши сукцесивно, до искористување на максималниот износ на обезбедени средства. Ваквата одредба може да се вметне само под услов тоа да било наведено во тендерската документација.

4. Прашање:

Спроведена е поедноставена отворена постапка за набавка на услуги за превоз на ученици од местото на живеење до училиштето, која е поништена од причина што е надмината проценетата вредност, а не е можно да са дообезбедат потребните средства. Постапката ќе биде повторена, односно повторно ќе се објави оглас за поедноставена отворена постапка.

Дали до завршување на поедноставената отворена постапка за која повторно ќе се објави оглас, може да се повикаме на член 55 став (6) од законот, имајќи предвид дека со необезбедување на превоз нарушена е безбедноста, животот и здравјето на учениците. Договорот кој ќе се склучи по спроведување на постапката со преговарање без објавување на оглас би бил со важност од 1 месец, односно до завршување на повторената постапка?

Одговор:

Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас, за јавна набавка на услуги согласно член 55 став 1 точка г) од законот, доколку поради крајна итност, предизвикана како резултат на настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди, роковите за другите постапки не може да се применат. Околностите со кои се оправдува крајната итност во никој случај не смеат да бидат такви за да му се припишат на договорниот орган.

Во овој случај, договорниот орган согласно со ставот 5 од горенаведениот член, ја започнува постапката со преговарање без претходно објавување оглас само по добивање претходно мислење од Бирото.

Согласно со ставот 6 од наведениов член, по исклучок, договорниот орган нема обврска да добие претходно мислење од Бирото, доколку директно се загрозени безбедноста, животот и здравјето на луѓето.

Наведенава одредба, му дозволува на договорниот орган да спроведе постапка со преговарање без објавување оглас без претходно мислење од Бирото, но само по исклучок, во случај кога директно е загрозена безбедноста, животот и здравјето на луѓето (како на пример, ако има епидемија, поплава, пожари, земјотрес и слично).

ПОСЕБНИ НАЧИНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

5. Прашање:

Дали во тендерската документација за отворена, поедноставена отворена постапка или друг вид на постапка за јавна набавка на стоки (пример: производи од хартија или средства за хигиена и сл.) во која е предвидено склучување на рамковна спогодба со еден понудувач, треба:

- техничката спецификација, образецот на понуда, листата на цени и сл. или во друг документ, да биде наведена планираната количината на стоките што се предмет на набавка, врз основа на што понудувачите би можеле да ги изготват понудите и да дадат конкурентни цени, или
- количините секаде би се изразувале како "количина 1", а би се нарачувале согласно потребите, до утврдената вредност со одлуката за јавна набавка и рамковната спогодба?

Одговор:

Во однос на дефинирањето на потребните количини од предметот на набавка, независно дали се склучува договор за јавна набавка или рамковна спогодба можностите се следниве: да се наведе планираната количина, со можност за позитивно/негативно отстапување во одреден процент, другата можност е предвидување на максимални количини кои договорниот орган би ги набавил (но без обврска), истовремено утврдувајќи минимални количини кои задолжително мора да ги набави.

Ваквата обврска за договорниот орган произлегува од фактот што, во зависност од предметот на набавка, доколку не се утврдени количините кои договорниот орган ќе ги набави, можат да предизвикаат проблеми во работењето на економскиот оператор кој е избран како најповолен понудувач, како и од одвраќање на економските оператори да учествуваат во постапката за јавна набавка.

Следствено на горенаведеното, Ве известуваме дека договорниот орган не може да спроведете постапка без притоа да ги дефинира минималните/максимални или ориентациони количини. Тоа би било возможно само во исклучителни случаи каде предмет на набавка се услуги за инвестицооно-тековно одржување на објекти, услуги за сервисирање на опрема, возила и сл.

ОДЛУКА ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА / ОДЛУКА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

6. Прашање:

Општината отпочна постапка за набавка на камион ѓубретар, со проценетата вредност која е во рамките на отворена постапка за јавна набавка, односно износ 7.750.000,00 денари без пресметан ДДВ. Добивме една понуда во износ од 8.733.902, 00 денари без ДДВ. Договорниот орган може да дообезбеди средства, и не се преминува вредносниот праг на постапката (останува отворена постапка), но со ова дообезбдување проценетата вредност на набавката ќе биде над 130.000 евра, и истата би требало се објави во Службено гласило на ЕУ.

Дали постапката треба да ја поништиме или не?

Одговор:

Одредба од член 77 став (5) од законот, му дава можност на договорниот орган да дообезбеди средства само под услов претходно да утврди дека дообезбедувањето е економски поисплатливо од повторување на постапката и понудената цена да не го надминува вредносниот праг пропишан за видот на постапката која ја спроведува.

Доколку тоа не е случај ќе треба да се пристапи кон поништување на постапката согласно со член 114 став (1) алинеја 4 од законот.

Од друга страна, согласно член 41 став (3) од законот, договорниот орган има обврска да го објави огласот во Службеното гласило на ЕУ доколку проценетата вредност без вклучен ДДВ е еднаква или повисока од:

- 130.000 евра во денарска противвредност за стоки или услуги и за конкурси за избор на идејно решение,

- 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи;

- 750.000 евра во денарска противвредност за посебни услуги.

Имајќи го предвид горенаведеното, цениме дека во конкретниот случај договорниот орган не би можел да дообезбеди средства, од причина што со дообезбедувањето би дошло до повреда на член 41 став (3) од законот.

7. Прашање:

Учествувавме во Поедноставената отворена постапка објавена на ден 26.12.2024 година. Отворањето на понудите се изврши на 13.01.2025 година. Еваулацијата на понудите ги надмина законски предвидени рокови за овој вид на постапка, односно Одлука за избор на најповолна понуда не беше донесена согласно член 112 став (2) од Законот.

На 27.02.2025 година, ја добивме Одлуката за избор на најповолна понуда, при што увидовме дека е прекршен и рокот утврден во член 113 од законот, односно известувањето до понудувачите не беше доставено во рок од три дена од денот на донесувањето на одлуката.

Дали поради овие пропусти и прекршувања на одредбите од законот од страна на Договорниот орган, имаме право да не го потпишеме Договорот и да не ни биде издадена негативна референца, од причина што понудата која ја добивме од страна на Производителот на чилерот, ја измени поради новонастанатите светски состојби и ни ја зголеми за 10 %.

Одговор:

Договорниот орган е единствено одговорен за примена и почитуване на одредбите од Законот за јавните набавки и за почитување на определените рокови.

Од друга страна, договорните страни согласно член 116 став (1) од законот, го склучуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба во писмена форма во рамки на рокот на важност на најповолната понуда, но не подоцна од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор.

Воедно, доколку дојде до наплата на банкарската гаранција на понудата, односно до прекршување на изјавата за сериозност на понудата, согласно член 101 став (7) од законот, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето.

Условите за наплаќање на банкарската гаранција на понудата, односно за активирање на изјавата за сериозност на понудата, се пропишани со ставот (6) од членот 101 и се однесуваат на:

- повлекување на понудата пред истекот на периодот на нејзината важност,
- неприфаќање на исправката на аритметичките грешки,
- непотпишување на договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- необезбедување на гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Имајќи го предвид горенаведеното, произлегува дека понудувачот кој е избран за најповолен може да одбие да го потпише договорот само доколку истиот не соодветствува со условите од неговата понуда и тендерската документација.

Непридржувањето на договорниот орган до пропишаните рокови може за последица да има изминување на рокот на важност на понудата. По истекот на рокот на важност, понудувачот не е обврзан да пристапи кон склучување на договорот. Но, доколку рокот на важност на понудата не е изминат, не придржувањето до пропишаните рокови од страна на договорниот орган, не претставува основ понудувачот да го одбие потпишувањето на договорот.

КОМИСИЈАТА ЗА ЈАВНА НАБАВКА / ЛИЦЕ ИЛИ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБЛИК ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

8. Прашање:

Дали Комисијата за јавни набавки може да биде составена исклучиво само од лица кои се дел од Организацискиот облик за јавни набавки и дали тоа е спротивно на членот 80 од законот, и дали една иста комисија треба да ги спроведува сите предвидени постапки за јавни набавки во Годишниот план за јавни набавки?

Дали лицата од организацискиот облик за јавни набавки треба да бидат членови на комисијата која е задолжена да ја спроведе набавката со вредност под 130.000 евра за стоки и услуги, и под 5.000.000 евра за работи?

Дали Раководителот на Организацискиот облик за јавни набавки може да биде Претседател на Комисија за јавни набавки од областа на градежништвото?

Одговор:

За потребата од јавна набавка согласно член 77 став (1) од законот, одлучува договорниот орган. Согласно со ставот (2) од наведениот член, со одлуката за јавна набавка меѓуостанатото се назначува составот на комисијата за јавна набавка која треба да ја спроведе постапката за јавна набавка.

Со член 79 од законот, се утврдуваат надлежностите и составот на комисијата. При што, работите кои ги врши комисијата зависат од видот на постапката, се задолжуваат членовите на истата да постапуваат согласно со Кодексот на однесување при спроведување на јавните набавки, а бројот на членови мора да е непарен. Од наведениов член произлегува дека, законот не воспоставува други услови како на пример формата на работниот однос, кои членовите на комисијата треба да го засноваат со договорниот орган, нивните професионални квалификации, колку често во текот на годината едно лице може да биде назначено за член, и сл.

Следствено на изнесеното, одлуката за тоа кое/и лица ќе се назначат за членови на комисијата ја носи одговорното лице на договорниот орган. Законот експлицитно не определува колку пати во текот на годината едно лице може да биде ангажирано во постапка за јавна набавка како член или претседател, како и кои лица можат (не можат) да бидат членови на комисијата за јавни набавки во смисла на нивна стручна спрема, работно место на кое се наоѓаат, работно искуство и сл. Единствен услов кој го поставува законот, во однос на составот на комисијата за јавна набавка, е во случаите кога се доделува договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 5.000.000 евра во денарска противвредност за работи, задолжително да членува лице кое има потврда за положен испит за лице за јавни набавки.

Иако законот не воспоставува други услови кои се однесуваат на претседателот и членовите на комисијата, а со оглед на фактот дека по извршената евалуација, комисијата изготвува предлог за избор на најповолна понуда кој одговорното лице е должно да го прифати (освен ако утврди дека предлогот е изготвен спротивно на одредбите на овој закон), се смета дека за претседател и членови на комисијата треба да се назначуваат лица кои имаат експертско знаење за предметот на набавка и интегритет и евалуацијата на понудите ќе ја извршат во согласност со одредбите од законот.

Оттука, препорачуваме да се донесат интерни процедури со кои ќе се уреди спроведувањето на јавните набавки во рамки на договорниот орган. Со наведените процедури ќе се уреди подготовката на јавните набавки, спроведувањето на постапките за јавни набавки, склучувањето на договорите за јавни набавки и нивното реализирање, како и постапувањето на комисиите за јавни набавки и на организационите единици за чии потреби се спроведуваат конкретните набавки. Исто така, овие процедури треба да го уредат назначувањето на комисиите за јавни набавки, постапувањето на лицата за јавни набавки, како и лицата задолжени за следење и реализација на договорите за јавни набавки.

ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА / ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

9. Прашање:

По кој основ се дозволува објавување на огласи на ЕСЈН со напомена дека за подигнување на тендерската документација се наплаќа надоместок од 100 евра, иако во член 42 став (4) од законот, е наведено дека за добивање на тендерската документација не се наплаќа надоместок. Ова е континуирана пракса од страна на договорните органи и покрај тоа што тендерската документација не ја предаваат во хартиена форма ниту на магнетен медиум туку ја доставува во вид на ворд документ кој не е ништо пообемен од стандардниот.

Дотолку повеќе, во моментов има ситуација каде Договорниот орган ја направи и јавно достапна за сите заинтересирани без разлика на тоа што дел од заинтересираните економски оператори веќе платиле надоместок за истата.

Дали условувањето на договорниот орган со уплата на надомест за подигнување на тендерска документација е законско?

Одговор:

При спроведување на постапка за јавна набавка согласно член 42 став (1) од законот, договорниот орган ја прави достапна тендерската документација на секој заинтересиран економски оператор со користење електронски средства заради директен и целосен пристап преку ЕСЈН истовремено со објавување на огласот за јавна набавка и со поканата од членот 73 од овој закон. Тендерската документација се прикачува во формат кој економските оператори може директно да го користат.

Согласно ставот (2) од наведениов член, по исклучок договорниот орган ја прави достапна тендерската документација во хартиена форма или на магнетен медиум, исклучиво во случај кога ЕСЈН не го поддржува видот на форматот во кој е изработена тендерската документација или нејзин дел, или при објавување оглас за доделување договор за јавно приватно партнерство.

Имено, на ЕСЈН се објавуваат и огласи за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како договор за јавна набавка на работа или како договор за јавна набавка на услуга, како и огласи за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа или како концесија за јавна услуга.

Со оглед дека од прашањето е нејасно, односно не може точно да се утврди дали се однесува на постапка за јавна набавка или на постапка за доделување договор за јавно приватно партнерство, укажуваме предвид да се има член 19 став 4 точка 5) од Законот за концесии и јавно приватно партнерство, согласно кој огласот за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство кое се остварува како концесија за јавна работа и концесија за јавна услуга, меѓуостанатото содржи и податоци за: надоместок за тендерската документација.

10. Прашање:

Се случува намерно или ненамерно договорните органи во Огласот за јавна набавка во делот на Банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот да стават „Не“, а во тендерската документација да наведат дека економскиот оператор чија понуда ќе биде избрана за најповолна да обезбеди банкарска гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот. По што треба да се водиме како економски оператори, по огласот или по тендерската документација?

Одговор:

Тендерска документација согласно член 2 точка 10 од законот, е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо – применливите прописи и сета дополнителна документација;

Од наведенава одредба, може да се забележи дека опфатот на дефиницијата на тендерска документација е прилично широк, и истата го вклучува и огласот за јавна набавка, техничките спецификации, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација (планови, проекти, нацрти, шеми и слично).

Оттука, податоците во огласот за јавна набавка треба да се разработат во одделните точки од тендерската документација и истите треба да се исти, а не да се разликуваат.

Во случај на постоење на различни податоци во огласот за јавна набавка и тендерската документација, препорачуваме да постапите согласно со член 81 став (4) од законот, и да поставите прашање до договорниот орган кој е должен да одговори на сите прашања или барања за појаснување или измени во врска со тендерската документација. Прашањата за разјаснување или барањата за измени на тендерската документација, треба да бидат поднесени најмалку осум дена пред крајниот рок за поднесување понуди или пријави за учество, односно шест дена кај поедноставената отворена постапка и четири дена кај набавката од мала вредност со објавување оглас.

УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ СПОСОБНОСТ

11. Прашање:

На ЕСЈН сум регистриран како физичко лице и учествувам на постапки за јавни набавки на услуги за Изработка на елаборати за животна средина.

Исполнувањето на способноста за вршење на професионална дејност го докажувам со Потврда/Уверение - Експерт за оцена на влијанието на проектите врз животната средина издадено од Министерството за животна средина.

Дали оваа експертска потврда е доволна за докажување на способноста за вршење на професионална дејност или треба имам некаква дополнителна регистрирација како физичко лице?

Одговор:

Под терминот економски оператор согласно член 2 став (1) точка 6 од Законот за јавните набавки се подразбира секое физичко или правно лице или група такви лица, вклучувајќи ги и сите привремени здружувања, кои на пазарот или во постапките за јавни набавки нудат стоки, услуги или работи.

Според тоа, без оглед на тоа дали се работи за домашно или странско, физичко или правно лице, секој економски оператор има право да поднесе понуда, односно пријава за учество, да биде носител на набавката или подизведувач.

Согласно член 90 став (1) од законот, како услов за утврдување способност за вршење професионална дејност, договорниот орган бара секој економски оператор да достави доказ дека е регистриран како физичко или правно лице за вршење на дејноста поврзана со предметот на набавка или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

Во случај кога физичко лице се јавува како понудувач и истото не е регистрирано како трговец поединец, договорниот орган како доказ за утврдување способност за вршење професионална дејност може да бара доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

СРЕДСТВА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ / НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА

12. Прашање:

Дали треба да се издаде негативна референца доколку економскиот оператор настапил со изјава за способност по што е побарано да ги достави документите, а по проверка на документите е утврдено дека истите не се согласно бараното во тендерската документација (не ги исполнува критериумите за способност)?

Одговор:

Кај поедноставена отворена постапка, согласно со член 49 став (3) од законот, економскиот оператор има слобода да бира дали ќе достави изјава за докажување на способноста или потребните документи за утврдување на бараната способност.

Согласно ставот (4) од истиот член, пред донесување на одлуката за избор на најповолна понуда, економскиот оператор чија понуда е оценета за најповолна е должен во рок кој го утврдува комисијата за јавна набавка и кој нема да е пократок од три работни дена да ги достави документите за утврдување способност доколку со понудата доставил изјава за докажување на способноста, а во спротивно ќе се смета дека ја повлекува понудата. Воедно, договорниот орган кај оваа постапка ги прифаќа документите за утврдување на способност кои се издадени и по крајниот рок за поднесување на понудите.

Оттаму, доколку во овој рок економскиот оператор не ги достави документите или достави нецелосни документи или достави невалидни документи, договорниот орган без да утврди дополнителен рок за доставување на документи, констатира дека економскиот оператор ја повлекува понудата и согласно член 101 став (6) алинеја 1 и член 101 став (7) од законот, објавува негативна референца во ЕСЈН.

ПОДГОТОВКА И ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ / ГРУПНА ПОНУДА

13. Прашање:

Во постапка за јавна набавка на стоки, поднесена е групна понуда. Бараниот минимален услов за техничка и професионална способност - поседување референтна листа на испораки на СТОКИ, го исполнува само членот на групата, но не и носителот на групата.

Дали ваквата групна понуда треба да е прифатлива за договорниот орган?

Одговор:

Секој економски оператор согласно член 28 од законот, има право да учествува, самостојно или како член на група економски оператори, во постапка за јавна набавка, согласно со член 107 од овој закон.

Групата економски оператори согласно член 96 став (6) од законот, може да ја користи способноста на членовите во групата или на други субјекти на начин утврден во ставовите (1), (2), (3), (4) и (5) од овој член.

Согласно наведенава одредба, договорниот орган ја оценува исполнетоста на условите за квалитативен избор во поглед на економската и финансиската способност или техничката или професионалната способност со земање предвид на способноста на сите членови на групата заедно, односно групата како целина треба да ги исполнува бараните критериуми, а не секој член поединечно.

Евалуацијата на понудите е процес на оцена на понудите во постапката за јавна набавка, која комисијата ја врши врз основа на критериумите наведени во тендерската документација.

Оттука, понудувачот согласно со член 105 став (1) од законот, ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. При тоа, комисијата согласно со член 109 став (6) од законот, неприфатливите понуди нема да ги рангира.

При утврдување на прифатливоста на понудите, комисијата предвид треба да ја има дефиницијата дадена во член 2 став (1) точка 11 од законот, согласно кој „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно овој закон.

Следствено на изнесеново, комисијата врз основа на целокупната доставена документација треба да утврди дали доставената понуда е во согласност со бараното во тендерската документација или не.

СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА ИЛИ НА РАМКОВНАТА СПОГОДБА

14. Прашање:

Во член 116 став (4) од законот, е наведено дека “Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на до говор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на договорот.”

Кои суштествени состојки треба да ги има една нарачка за да би имала ефект на договор.

Одговор:

Поединечниот договор врз основа на рамковна спогодба се склучува во писмена форма, а ефект на договор може да имаат и нарачка, налог, заклучница и слично, доколку ги имаат сите суштествени состојки на договорот, а врз основа на членот 116 од законот.

Во принцип кога нарачката, налогот или заклучницата имаат ефект на договор, во рамковната спогодба треба да се одредени сите услови за набавката на стоките, обезбедување на услугите или изведување на работите, како на пример цената и начинот на плаќање, роковите и условите на испорака, услови за квантитативна и квалитативна контрола, гарантен период, услови за прекинување или раскинување на договорот, решавање на спорови и др.

15. Прашање:

Договорниот орган спроведе постапка за јавна набавка за реконструкција на тоалети во основно училиште (санитарни јазли во управна зграда и спортска сала на училиштето). Постапката заврши со склучување на договор за јавната набавка. Во меѓувреме добиено е известување дека надлежното министерство склучило договор за избор на изведувач за реконструкција на дел од тоалетите во истото училиште (санитарните јазли во спортската сала на училиштето), кои се влезени во предмер-пресметките и на нашиот договор за јавна набавка.

Како да постапиме со склучениот договор ако се земе во предвид фактот дека постојат два изведувачи на истиот дел од предметот на јавна набавка.

Одговор:

Договорниот орган треба однапред да утврди кои стоки, услуги или работи му се потребни, кога треба да се набават, потребата за финансирање или субвенционирање и која постапка за јавна набавка е најсоодветна имајќи ја предвид проценетата вредност и природата на предметот на набавка.

Договорните страни согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, го склучуваат и извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Согласно со ставот (3) од член 117, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка. Имајќи предвид дека, со Законот за јавните набавки меѓуостанатото се уредуваат начинот и постапките за јавни набавки, Ве упатуваме да ги разгледате можностите кои ги дава законот за облигационите односи во ваков случај.

Истовремено, а со цел да не се доведувате во ваков случај во иднина потребна е поголема координација помеѓу договорниот орган и надлежното министерство.

16. Прашање:

При контрола на фактурите од претходната година 2024, утврдивме дека има надминати количини на одреден производ кој е дел од договор за јавна набавка, за кој од страна на носителот на набавката се доставени фактури за наплата.

Со оглед дека договорот не бил финансиски, ниту пак временски надминат во тој период кога се порачани и фактурирани количините, бараме да ни кажете дали фактурите може да се платат иако е надмината количината?

Одговор:

Договорните страни согласно член 116 став (2) и член 117 став (1) од законот, го склучуваат и извршуваат договорот за јавна набавка или рамковната спогодба согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Согласно со ставот (2) од член 117, договорниот орган е должен да врши контрола дали извршувањето на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба е во согласност со условите од договорот.

Наведениве одредби ги обврзуваат договорните страни, договорот за јавна набавка или рамковната спогодба да го склучат и да го извршуваат во согласно со условите утврдени во тендерската документација и избраната најповолна понуда.

Воедно, кога договорниот орган ќе склучи договор со носителот на набавката (избраниот најповолен понудувач), неговата реализацијата не смее да биде препуштена сама на себе, туку договорот мора да биде управуван (контролиран) со цел да се обезбеди исполнување на договорните обврски.

Од друга страна, склучениот договор за јавна набавка има важност до целосното реализирање на договорот (временско, вредносно или количинско). Според тоа, договорот за јавна набавка, се смета за исцрпен во

моментот кога ќе биде целосно временски, вредносно или количински реализиран. Оттука, по реализирање на договорот, договорниот орган за задоволување на потребата од предметната набавка е потребно да спроведе нова постапка за јавна набавка. Се разбира таа претходно треба да биде планирана со Годишниот план за набавки за тековната година.

Од податоците наведени во прашањето, произлегува дека договорот е количински реализиран (независно што истиот не е временски ни вредносно исцрпен). Доколку, договорниот орган вршел контрола врз реализацијата на договорот, тогаш не би се довел во ситуација да се извршени нарачки над договорената количина.

Истовремено, на одговорноста на договорните страни за исполнување на договорните обврски, покрај одредбите од овој закон, соодветно се применуваат одредбите од законот што ги уредува облигационите односи и материјалните прописи со кои се уредува предметот на набавка, ве упатуваме да ги разгледате можностите кои ги дава законот за облигационите односи во ваков случај.